СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА
ODA STOMATOLOGJIKE E MAQEDONISË
MACEDONIAN DENTAL CHAMBER

**Бр. 02-302/8**
Скопје, 28.03.2022 година

Врз основа член 21, став 1 точка 12 в.в. со член 39 став 3 од Статутот на Стоматолошката комора на Македонија, Собранието на Стоматолошката комора на Македонија, на својата **12-та седница**, одржана на **25.03.2022** година, ја донесе следната

**ОДЛУКА**
**за усвојување на предложените измени и дополнувања на Деловникот за работа на Судот на честа на СКМ**

**Член 1**

Се усвојува Предлогот бр.02-300/1 на Претседателот на Судот на честа на Комората, д-р Катерина Стаменковска, за изменување и дополнување на Деловникот за работа на Судот на честа на Комората бр. 02-1046/8 од 27.20.2021 година.

**Член 2**

Предлогот за изменување и дополнување на Деловникот за работа на Судот на честа на СКМ од член 1 на оваа одлука претходно е усвоен од Извршниот одбор на Комората и е составен дел на оваа одлука.

**Член 3**

Член 60 став 1 од Деловникот за работа на Судот на честа бр. 02-1046/8 од 27.20.2021 година се дополнува со следните мерки:

6) за сторена полесна повреда, наведена во член 3 од Деловникот, да се изрече парична казна во износ од 200-1000 евра во денарска противвредност;

7) за сторена потешка повреда, согласно член 3 од Деловникот, да се изрече парична казна во износ од 1000-3000 евра во денарска противвредност.

По став 2 се додава нов став (3) кој гласи:

„(3) Паричната казна може да се изрече самостојно или покрај изречената мерка. Паричната казна се внесува во одлуката од член 60 на овој Деловник.“

Став 2 и став 3 кои сега стануваат став 4 и став 5 се менуваат и гласат:

„(4) Изречените мерки и парични казни се евидентираат во досието на обвинетиот доктор на стоматологија.

ул „Балзакова“ бр. 32, Скопје
+389 (02) 3246 851/852
skm@skm.mk
www.skm.mk

„(5) За изречената мерка и изречената парична казна задолжително се информира здравствената установа во која работи докторот на стоматологија.“

Насловот пред член 76 се менува и гласи: “Извршување на мерките и паричните казни”.

По член 76 се додава нов член 76 а кој гласи:

“Судот на честа го организира, спроведува и врши надзор на извршувањето на паричната казна. Кон извршување на парична казна се пристапува откако одлуката со која е изречена ќе стане правосилна и ќе истече доброволниот рок за плаќање кој е определен во самата одлука.

Постапката за наплата на изречена паричната казна ја поведува Судот на честа преку Претседавачот на Советот што ја изрекол паричната казна во прв степен. Претседавачот на осуденото лице му праќа опомена да ја плати паричната казна во рок не подолг од 8 дена од денот на праќањето на опомената, со назнака дека ќе се пристапи кон присилна наплата доколку паричната казна не се плати и по изминување на рокот.

Паричните казни наплатени од осуденото лице се приход на Стоматолошката комора на Македонија и се уплаќаат на наменска сметка за взаемна помош.

Неплатената парична казна се смета за долг спрема Комората и подлежи на присилна наплата согласно позитивните законски прописи.”

**Член 4**

Во целиот текст на Деловникот за работа на Судот на честа бр. 02-1046/8 од 27.20.2021 година, зборовите “член/членови на Комората” се менуваат со зборовите “доктор/и на стоматологија”.

**Член 5**

Се задолжува Правниот сектор на Комората и Адвокатското друштво Ристовска и Вујиќ-правен застапник на Комората, во рок од 15 дена од донесување на оваа одлука, да го уредат и начинот на извршување на паричните казни, кој ќе биде дел од пречистениот предлог-текст на Деловникот.

**Член 6**

Согласно усвоените дополнувања на Деловникот за работа на Судот на честа на СКМ, ќе биде изготвен Деловник за изменување и дополнување на Деловникот за работа на Судот на честа на СКМ и пречистен текст на Деловникот за работа на Судот на честа.

СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА
ODA STOMATOLOGJIKE E MAQEDONISË
MACEDONIAN DENTAL CHAMBER

Предлог-Деловникот за изменување и дополнување на Деловникот за работа на Судот на честа на СКМ и Предлог-пречистениот текст на Деловникот, по изготвување ќе се доставaт до делегатите на Собранието, за изјаснување по електронски пат, со примена на одредбите од член 28 од Деловникот за работа на Собранието, без оглед што не се работи за вонредна седница.

**Член 7**

Оваа одлука стапува на сила на денот на нејзиното донесување.

**СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА,**
**СОБРАНИЕ НА СКМ**
**Претседател,**
**д-р Оливер Манасиев**

М.П.